Д Р Ж А В Е Н   П Р О С В Е Т Е Н  И Н С П Е К Т О Р А Т
С К О П Ј Е

# И З В Е Ш Т А Ј

**ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА**
**во СУГС„Панче Арсовски“- Скопје**

**Скопје,ноември 2019 година**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Државен просветен инспекторат**

**Број: 09 – 964/3 од 31.01.2020 година**

# СУГС„Панче Арсовски“,Скопје

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 20 до 22 ноември 2019 год. |
| **Број на извештај:** | 39 / скопски/2019 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Гоце Јанклуловски |
| **Вид на училиштето:** | средно гимназија |
| **Подрачни училишта:** | / |
| **Основач на училиштето:** | Град Скопје |
| **Наставен јазик:** | македонски |
| **Број на ученици:** | 397 |
| **Полова структура на ученици:** | 190 машки и 207 женски |
| **Број на наставници:** | 40 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Силвана Зафировска |
| **Директор на училиштето:** | Јован Петрески |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 21-26 декември 2016 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.16 Македонска бригада бр.34 |
| **Телефон:** | 02/3 173 645 |
| **Факс:** | 02/3 173 650 |
| **e-mail:** | pance_arsovski@yahoo.com |
| **Оценка од интегрална евалуација** | Добар(3,28) |

# РЕЗИМЕ

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за просветната инспекција од 20 до 22 ноември 2019 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во СУГС„Панче Арсовски“ - општина Гази Баба, Скопје. За време на надзор тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директорот на училиштето, стучните соработници, Училишниот одбор и Советот на родители, разговори со фокус група на ученици и наставници по стручни активи и членови на тим во изготвување на Самоевалуацијата.

Од целокупната евиденција и документација, која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорот со различните фокус групи, одржани состаноци со училишните органи и тела, посета на наставни часови, анализа од доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба и родителите, како и од увидот во донесените и изготвените списи од извршенато самооценување, а во однос на седумте подрачја, тимот од државните просветни инспектори констатираа дека севкупното работење на училиштето се оценува **добар (3,28).**

Наставниот процес во училиштето се изведува според наставен план и се планира согласно наставните програми за гимназиско образование. Учениците имаат можност да се определат за едно од шесте понудени подрачја Општествено-хуманистичко подрачје А и Б, Јазично – Уметничко подрачје комбинација А и Б, Природно- математичко подрачје комбинација А и Б. . Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Училиштето има регистриран спортски клуб како УСК„Панче Арсовски“.

Стручните соработници во училиштето го следат целокупно воспитно - образовениот процес, постигањата и психо-физичкиот развој на учениците. Ги идентификува учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби (со и без наод и мислење – инклузирани во ВОП) и превзема мерки и активности за стекнување на знаења, умеења и вештини. За работа со учениците со посебни потреби формиран е инклузивен тим. За постигнување на подобри резултати училиштето реализира додатна и дополнителна настава. Средниот успех на учениците во училиштето во последните три учебни години е многу добар (3.77).

Поддршката и следењето на планирањата на наставниците од страна на стручната служба е добра. За изготвување на планирањата наставниците разменуваат искуства на ниво на 5 стручни активи. Работата во училиштето и наставниот процес се реализира согласно наставниот план и програма, Годишната програма на училиштето, планирањата на наставниците и распоредот на часови. Во наставниот процес поголем број од наставниците користат разновидни наставни форми,техники и методи на работа, кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Употребата на ИКТ во наставата од страна на помал број наставници е добра. Наставниците вршат избор на задачи, активности и ресурси за реализација на наставните содржини, со цел да ги постигнат целите. Интеракцијата помеѓу наставник-ученик и ученик-ученик е добра. Атмосферата на поголем број часови е мотивирачка и начинот на кој се учи е интересен. Наставници настојуваат да ги вклучат сите ученици во процесот на учењето според нивните способности. Училиштето има пропишана процедура за оценување и користи разни методи при оценувањето на учениците. Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците.

Училишниот простор е безбеден за настава. Училиштето има пропишани процедури за заштита од физички повреди, елементарни непогоди и насилство. Училиштето води грижа за здравјето на учениците. Стручната служба води евиденција и прави анализа за

постигањата на учениците и ги информира учениците при изборот на нивното понатамошно образование.

Училиштето има донесено кодекс на однесување на сите структури. Дисциплината и поведението на учениците се мн.добри. Постигањата на учениците и училиштето се промовираат на разни настани и манифестации на локално ниво. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста, почитувајќи ги правата на учениците. Училиштето го промовира мултикултурализмот. Односите и соработката на директорот со стручните тела и органи на училиштето е добра. Училиштето има добра соработката со локалната средина деловната заедница и невладиниот сектор .

Просторните услови и искористеноста на просторните капацитети (училници – кабинети, фискултурна сала) се добри. Опременоста со нагледни средства по наставни предмети е добра. Воспитно-образовниот процес се реализира од страна на 40 наставника. Училиштето превзема мерки за професионален развој на наставниците. Раководниот орган, училишниот буџет добро го планира.

Орган на управување во училиштето е УО (Училишниот одбор), истиот е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинирана во Деловник за работа. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Раководниот орган на училиштето – директорот, во својот период на раководење има превземено голем број на активности, кои значително придонеле за подобрување на условите за работа во училиштето, постигањата на учениците и создавање добра клима за работа.

Приоритет на директорот за училиштето се:

- усвојување и стекнување, трајни и преминливи знаења
- примена на современи наставни методи и техники кои се во склад со современата образовна технологија
- професионално и кариерно усовршување на наставниот кадар

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето бр.02-106/3 од 15.03.2019 година, од страна на Министерството за образование и наука донесено е Решение за давање на согласност бр.18-603 од 27.03.2019 год.

Училиштето од 22.12. 2018 година со арх. бр.02-685/4 има изготвено Самоевалуација за период 2018–2020 година и од 13.08.2019 година со арх.бр.02-356/2 има изготвено Програма за развој за период 2019–2023 г.

За учебната 2019-2020 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа бр.02-396/1 од 27.08.2019 година усвоена од Училишниот одбор.

# Карактеристики на училиштето

Средното училиште на Град Скопје „Панче Арсовски“ се наоѓа во населбата Автокоманда, во општина Гази Баба. Училиштето е основано во 1960 година со Одлука бр.7612 од 07.11.1960 година од Работнички совет на рудници и железарница – Скопје.Училиштето е запишано во регистарот за смостојни установи со Одлука бр.02-2866 од 02.04.2016 година од Народен одбор од општина Саат Кула под име Центар за образование при рудници и железарница „Скопје“ - Скопје. Со акт бр.01-4036 од 28.12.1973 година од Окружен стопански суд преминува во Машинско – металуршки училишен центар „Панче Арсовски“. Со Решение срег.бр.5372/97 од 11.09.1997 година од Основен суд Скопје 1 името на училиштето е променето од Машинско – металуршки училишен центар во ДСУ„Панче Арсовски“.

Со Одлука на Влада на РМ објавена во „Сл.весник на РМ“ бр.61/04 основачките права и обврски на училиштето преминуваат во надлежност на Град Скопје.Со Решение срег.бр.731/05 од 06.02.2006 година од Основен суд Скопје 1 името на училиштето е променето од ДСУ„Панче Арсовски“ во СУГС„Панче Арсовски“.

Дејноста на училиштето е верифицирана за гимназиско образование согласно со наставен план и програма од подрачјата: општествено - хуманистичко, природни науки и математика и јазично – уметничко со комбинација на изборни предмети А и Б за сите подрачја со Решение 09-2434/1 од 15.05.2004 година од Министерство за образование и наука.Со Решение бр.Уп1 12-865 од 02.07.2015 година верифицирани се условите за реализација на билингвална настава (македонско – англиска) на една паралелка за секоја учебна година.

Во училиштето настава следат вкупно 397 ученика,распоредени во 21 паралелки.

Училишната зграда е од тврда градба приземје со три ката со површина од 4074$м^{2,}$ училишен двор со вкупна површина од 12198$м^2$ од кои 9798$м^2$ озеленета површина и 2400$м^2$ спортски терен,како и фискултурна сала. Наставата се изведува во 13 училница, 4 кабинети,фискултурна сала и спортски терен. Училиштето има простории за директор, секретар, наставници, стручни соработници и библиотекар, просторија за помошно-технички персонал, 2 работилници. Просториите се опремени со потребниот инвентар. Училишниот двор е ограден.

Работата и наставата во училиштето ја изведуваат директор, психолог, дефектолог, и 40 наставника. Според образовниот профил 37 наставника се со високо образование и 2 наставник со магистерски студии и 1 наставник со докторски студии. На неопределено работно време се 30 наставника и 10 наставника се на одределено работно време. Во училиштето 2 наставника се наставник – приправник кои што моментално се замена по основ на боледување. Според полот 32 се жени и 8 се машки, според етничката припадност 38 наставника се македонци и 2 срби.

Училиштето се загрева со топловодно греење.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1.Реализација на наставните планови и програми

Во училиштето добро се применуваат наставните планови и програми , кои на предлог на Бирото за развој на образованието на РМ, се донесени од министерот за образование и наука. Но, особено важно е да се истакне дека во училиштето од 2008 година за првпат е започнато со реализација на програмата за изучување на италијански јазик како втор изборен задолжителен странски јазик за учениците трета и четврата година за кој има изготвено програма од Бирото за развој на образованието на Република Македонија.

Училиштето за реализација на наставниот план и програми поседува Решение за верификација од министерството за образование и наука, за: Природно-математичко подрачје со Комбинација А и Б на изборни предмети; Општествено-хуманистичко подрачје со Комбинација А и Б на изборни прдмети и Јазично –уметничко подрачје со Комбинација А и Б на изборни предмети, како и Решение за верификација на условите за реализација на билингвална настава (македонско- англиска) на една паралелка за секоја година. Билингвалната настав се одвива во 4 паралелки, односно со по една паралелка од секоја година.

Наставните планови и програми им се достапни на наставниците, а секогаш во зависност од интересот на родителите, на заеднички и индивидуални родителски средби, раководителот на паралелката ги запознава родителите со соодветниот наставен план и програми според кој се изведува наставата за образовниот профил на нивните деца, како и преку соодветна брошура со која на почетокот на учебната година се запознаваат учениците и родителите.

Во училиштето има 4 ученици идентификувани со посебни образовни потреби (потешкотии) без наод и мислење и наставниците кои работат со тие ученици имаат дифиринциран пристап со тие ученици.

Наставните планови и програми ги организираат и реализираат наставници со соодветно образование кои имаат посетувано обуки насочени, покрај другото, и на примената на комбинирани форми и методи, како и нови стратегии за учење со користење на расположиви и современи наставни нагледни средства и технички помагала. Наставните програми се реализираат според наставниот план.

Училиштето има пропишано системски процедури во делот на информирањето на родителите и нуди избор на наставни предмети, преку Наставниот план и програм, што го остварува секоја учебна година, како дел од Наставниот план на реформираното гимназиско образование .

Изборот на наставен предмет се прави при крајот на второто полугодие од прва година и на крај во втора година, при што се нудат 6 предмети , а на крај од втора година за трета година се нудат 3 подрачја со по два пакета. Училиштето тоа добро го прави преку изготвениот информативен материјал при уписот со помош на изготвена Брошура, во прва година, од страна на стручната служба и раководните лица во училиштето (флаер,е-маил, преку веб страна на Училиштето,) како и изјава со која ученикот и родителот со својот потпис, се информираат и им се нуди правото на слободен избор на изборен предмет во II-та година, како и предлог за проектни активности по области**.**

Училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните часови/проектни активности во училиштето.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Училиштето преку формалните органи планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност. Во училиштето со примената на реформираните наставни планови и програми во четиригодишното гимназиско образование, квалитетот на наставните планови и програми е добар, но може да се влијае во квалитетот и начинот во изведување на програмите.

Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала. Наставниците ги прилагодуваат наставните програми и содржини за потребите на локалната средина единствено преку одбележување на значајни датуми, прослави, посети на саеми, театри, кина, музеи...

Училиштето има разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците настојуваат да ги почитуваат тие насоки при што кај учениците ја развиваат самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на РСМ како мултикултурно општество. Наставниците имаат можности за интегративен пристап кон содржините, кои што можат да се вклучат во реализација на повеќе наставни предмети, со поддршка на информатичката опрема.

Наставните планови им се достапни на наставниците учениците, односно родителите. На родителите им се дава можност да даваат забелешки во врска со реализацијата на наставните програми преку Советот на родители, а на учениците преку класните заедници. Но, тоа досега не предизвикало значајно влијание врз мислењето на БРО и МОН, иако се покренати писмени иницијативи.

Во училиштето има потреба од учебници за одредени предмети (Етика, Филозофија, Информатичка технологија)

## 1.3. Воннаставни активности

Училиштето нуди добри услови за одвивање на наставата и воннаствните активности, максимално искористувајќи го училишниот простор за да ги задоволи интересите и потребите на учениците и вработените се со цел повисоки постигнувања на воспитно-образовните резултати .

Потоа, разменување на искуства и информации од аспект примена на различни методи, форми и облици на работа во наставата, со цел да се олесни процесот на совладување на наставниот материјал и подобрување на успехот на учениците.

Како и досега, освен редовната настава во училиштето се организираат и реализираат воннаставни активности од воспитно-образовен карактер, со однапред планирана програма, период на реализација, наставници-ментори, кои ги следат постигањата на учениците. Со ваквите воннаставни активности учениците имаат можност да ги искажат своите потенцијали во различни области постигнувајќи високи резултати во истите.

Во училиштето се работи со надарени и талентирани ученици, слободни ученички активности, екскурзии, општествено-корисната работа, заштита и унапредување на здравјето на учениците, следење на унапредување на воспитно-образовната работа и општествено културна дејност.

Во училиштето се организират и реализираат повеќе од 4 различни воннаставни активности. Посебна активност покажува подрачјето на организирана работа и подготовка на талелнтираните ученици во проектните активности, активност во реализацијата на додатната настава, меѓучилишни форми на работа, преку учество на научни кампови во Р.Србија во областа на на млади физичари, учество на организирани зимски и летни школи.Талентирани ученици во тимови за колективни спортови. Засилени се активностите пред натпреварите.

Учениците покажуваат добар интерес за секции со научно-истражувачки, културно-уметнички, технички и спортски активности. Училиштето е вклучено во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол и по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди по паралелки. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за постигањата на учениците. Според анализите на крајот од првото полугодие споредени со постигањата од три претходни учебни години, постигањата на учениците во училиштето се добри.Среден успех на училишно ниво последните три учебни години е многу добар (3.72). Во учебната 2016/17 година просечниот успех е 3.58, во учебната 2017/18 е 3.78 и во учебната 2018/19 е 3.80. Учениците учествуваат на конкурси и натпревари и постигнуваат високи резултати на различно ниво за што се наградени со пехари, медали, дипломи и признанија.

Во однос на постигањата на учениците според пол, подобри постигања имаат учениците од женски пол. За континуирано подобрување на постигањата кај учениците училиштето планира и превзема конкретни мерки и активности, следење, поддршка и едукација на наставниот кадар од страна на стручната служба и раководниот орган.

Училиштето има систем за идентификација на учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со посебни образовни потреби и континуирано го следи нивниот напредок. Стручната служба води уредна евиденција и има изготвено долгорочно, среднорочно и краткорочно планирање со цел да се подобрат нивните постигања.

Најголем број наставници на учениците кои имаат потешкотии во наставата, надарените ученици, како и учениците со посебни образовни потреби им обезбедуваат поддршка во редовната настава избирајќи активности соодветни за нивните можности и потреби. За подобрување на постигањата на учениците и постигање на солидни резултати на разни натпревари училиштето според наставниот план има изготвено распоред за реализирање на додатна и дополнителна настава. Наставниците имаат програма за работа со надарени ученици и реализираат додатна настава. За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот, наставниците организираат дополнителна настава.

Училиштето има разработен систем и ги следи постигањата на учениците при премин од едно во друго ниво, но не ги следи постигањата при по завршување на образованието. Од споредбените анализи се констатира дека нема значајни отстапувања во успехот од едно до друго ниво. Доколку се јават разлики во постигањата при премин од едно во друго ниво, стручната служба ги анализира причините за ваквата појава и презема активности за нејзино надминување. Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците при премин од прва во втора година, од втора во трета година, од трета во четврта година иако има избор на различни подрачја и следење на настава во групи. Бројот на вонредни ученици е многу мал (по три ученика годишно) за што се води уредна документација. За учениците од четврта година училиштето има Програма за професионална ориентација. Училиштето има информација за запишаните ученици во високо образовна институција, но не прибираат информации за нивните понатамошни резултати.

Училиштето учествувало на голем број натпревари, при што постигнувало добри резултати. Во учебната 2016/17 година освоиле 8 награди од општинско до државно ниво. Во учебната 2017/18 година освоиле 12 награди од општинско до меѓународно ниво и во учебната 2018/19 година освоиле 20 награди од општинско до меѓународно ниво. Во последните три години освоиле 10 први, 9 втори и 21 трети места.

## 2.2 Задржување/намалување на бројот (осипување) на учениците

Училиштето има податоци за опфат на учениците од реонот и пошироко. Училиштето има изградена политика за опфат на сите ученици од својот реон и пошироко со превземени разлчни активности (посета на семејства, кампањи, соработка со надлежни институции, локалната заедница). Училиштето запишува ученици според конкурс за упис со максимум 60 поени. Само дел од запишаните ученици го имаат максималниот број на поени.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (по паралелка, наставен предмет, пол), ги анализира причините за отсуствата од наставата (оправдано и неоправдано) и навреме превзема конкретни активности (советување на родителите).Бројот на неоправдани изостаноци е мал. Според анализите во поглед на изостаноци просечниот број на неоправдани изостаноци е 4,43 изостанок по ученик, а просечниот број на оправдани изостаноци е 71,37 изостаноци по ученик. Од приложените анализи може да се забележи дека поголем број изостаноци има во паралелките од IV година.

Училиштето го следи осипувањето на учениците, ги анализира причините и во соработка со локалната средина и родителите, навремено презема мерки и активности за да го намали осипувањето. Осипувањето во училиштето е помалку од 10 ученици во тек на учебна година.

Од страна на училиштето постапката за премин на ученици од едно училиште во друго училиште на ниво на државата во целост се почитува. Постапката за премин на учениците во училиште надвор од државата исто така целосно се почитува. Училиштето има повратни документи за продолжување на образованието на овие ученици. Во текот на учебната година бројот на прилив-дојдени ученици од друго училиште е околу 8 ученици. Информациите од другото училиште од страна на стручната служба и раководителот на паралелката се земаат в предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

Во училиштето се реализира групно и индивидуално советување на родители според програмата за советување на родители, донесена од МОН. Советувањето се реализира во текот на целата учебна година согласно со утврдените потреби.Стручната служба ги следи ефектите како резултат на советувањето. За таа цел се прават анализи на успехот и редовноста на учениците, за кои се очекува да бидат подобрени.

## 2.3 Повторување на учениците

За учениците со една и две слаби оценки на крајот на годината се организира продолжителна настава. Во последните три учебни години повторувале 4 ученици
Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување и наградување, како и со правото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку не е задоволен со некои од годишните оценки што му се соопштени.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1.Планирањата на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручната служба и од директорот. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од стручната служба (психолог и дефектолог).

Наставниците ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности. Имаат подготвени годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематски планирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување кај поголем број наставници се јасно утврдени во планирањата и ги користат информациите од оценувањето за да ги детектира потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Активностите на поголем број наставници и на учениците се планирани ефективно да се искористи времето од часот што ќе придонесе кон постигање на очекуваните резултати.

Во училиштето како посебно подрачје во наставните планови се реализираат и **проектни активности**. Наставниците - ментори кои ја следат работата на учениците имаат целосна и уредна евиденција за текот на реализираните активности согласно насоките во наставниот план од БРО за начинот на реализација на проектни активности.

Наставниците планираат во рамки на 3 стручни активи. Голем број наставници користат дигитални и електронски содржини, како и искуства преку регионална соработка со други училишта.

Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план, имајќи во предвид за наставници кои држат настава во други училишта, број на часови по паралелки и изборни предмети, притоа почитувајќи го најдобриот интерес на учениците. Училиштето навреме изработува распоред за додатна и дополнителна настава. Училиштето има изготвено распоред за ѕвонење и наставата се реализира согласно распоредот на часови.

## 3.2 Наставен процес

Поголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење.

Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Помал број наставници на учениците им се овозможуваат да работат со сопствено темпо. На децата кои подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да се вклучат и напредуваат во наставниот процес.

Поголем број наставници редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето. Поучувањето кај поголем број наставници е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалите и предзнаењата на учениците.

Поголем број од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи, но сите ученици не се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. Интеракција наставник – ученик е добра, додека пак, ученик-ученик делумно задоволува. Интеракцијата ученик-ученик најчесто е присутна при работа во групи или при обработка на наставна содржина со користење на техника. За усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата најголем број на наставници користат соодветни форми, методи и техники за работа.

За усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата поголем број на наставници користат соодветни форми, методи и техники за работа. Сите наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба. Притоа, обезбедува еднакви можности за учениците, имајќи ги предвид нивните способности, пол, социјалното потекло, етничката и религиската припадност. Во создавање клима за надминување на културните разлики и способностите наставниците недоволно превземаат активности.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес која што редовно се применува, а секој наставник, најмалку двапати во полугодие се посетува од стручната служба и директорот на училиштето. Постои практика на размена на искуства со колеги од училиштето.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училишен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурализмот. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училиштето, но помалку се застапени во училниците), почитувајќи ги естетските норми. Тие се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието, и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Најголем број на ученици имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење сериозно не се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Во училиштето, постојат договорни процедури за идентификување на потребите на учениците. Наставниот кадар и стручната служба во текот на наставните и воннаставните активности ги идентификува потребите на учениците и потешкотиите во процесот на учењето. Идентификацијата на образовните потреби и потешкотиите во учењето на учениците е систематска и посебно е евидентирана.

Поголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со цел учениците да научат најмногу што можат. Во оценувањето користат различни техники со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која како основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи го и кодексот за оценување. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени.

Најголем број на наставници врз основа на стандард на оценување изготвиле критериум за оценување. Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците недоволно се

вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми).

Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата. Помал акцент се става на вреднувањето на тековните постигања на учениците и на детектирањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Најголем број наставници редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат добро организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување на информации за конкретен ученик) со родителите. Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, за превземање на соодветни активности согласно со гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца.

Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, сите родителите имаат пристап до него и дел од нив се известуваат преку телефонски пораки.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Родителите изјавија дека нивните деца додека се во училиштето се безбедни и сигурни. При несреќни случаи во училиштето има обучен кадар за давање прва помош. Во случај на лесна физичка повреда училиштето поседува опрема за давање на прва помош и сите наставници се обучени. Училиштето има План за заштита од елементарни непогоди. Во септември 2016 година спроведена е симулативна вежба на вработените и учениците за заштита од елементарни непогоди. Од страна на стручната служба учениците се едуцирани за спроведување на мерките за заштита и спасување.
Во случај на елементарна непогода (пожар,поплава,земјотрес) училиштето располага со 3 хидранти и 14 ПП – апарати(03-518/1 од 20.11.2019 ДППЗ Превентива 2018 ДООЕЛ Куманово) и има громобранова инсталација проверена од Македонски институт за квалитет. Во случај на незгода и елементарна непогода училиштето е осигурано, а осигурана е и компјутерската опрема Осигурувањето на учениците е на доброволна основа и истото е финансирано од родителите, преку осигурителна компанија избрана од Советот на родители. Осигурувањето на вработените е исто така на доброволна основа.
Се организираат дежурства на наставници за време на одморите по сите катови на училишната зграда. Училиштето го обезбедува Агенцијата за обезбедување „Никоб“ , ангажирана од основачот, секој работен ден со работно време од 7 до 20 часот.Училиштето има вработени ноќни чувари, кои се грижат за безбедноста на објектот во ноќните часови. Во училиштето функционира и видео надзор.

Училиштето води многу добра политика и презема активности за намалување на насилството во училиштата.. Во училиштето не е еведентирано насилство. Формиран е и тим за справување со насилството и се организираат и изведуваат работилници и обуки во оваа насока.. Училиштето ги запознава учениците со сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство. Во случај на појава на насилство, училиштето има процедура и протокол за постапување во такви ситуации.

Училиштето води политика за забрана за пушење, консумирање на алкохол и консумирање и дистрибуција на наркотични супстанци во училишниот простор, вклучувајќи го тука и училишниот двор. Во училиштето има поставено апликации за забрана на истите, а се организираат предавања и трибини со стручни лица со цел да се укаже на штетноста и последиците од консумирање на истите. Вработените ја почитуваат забраната од пушење.
Училиштето нема организирана исхрана на учениците. Најголем дел од учениците сами си купуваат во училишното бифе за кое училиштето има склучено договор за закуп со ДОО „Луксембург“ Скопје 03-491/1 од 22.10.2019 година. Исто така се снабдуваат со храна и во околните бурекчилници и сендвичари. Училиштето нема направено проверка на храната што се продава во училиштето и во негова непосредна близина. Родителите се изјаснаа дека учениците се задоволни од квалитетот на храната што се нуди во училишното бифе.
Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.Од страна на стручната служба организирани се предавања на тема „Здрава храна“.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за ученици со телесни пречки во развојот. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Во училиштето нема евидентирано ученици со телесен недостаток и со пречки во движењето.
Во училиштето има ученици од социјално загрозени семејства,чии родители се приматели на социјална помош. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства (на пример, екскурзии и натпревари). Училиштето во соработка со Црвен крст на

Општина Гази Баба учествува во низа на хуманитарни акции, за помош на социјално загрозени лица. Стручната служба и училиштето за ученици од социјално загрозените семејства соработува со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции (Центарот за социјална работа, хуманитарните организации).

### 4.2 Здравје

Хигиената во и надвор од училиштето е на високо ниво. Секоја учебна година учениците согласно со националната програма на РМ за систематски прегледи на учениците, учениците од I и IV година имаат редовен систематски преглед. Извршен е систематски преглед на вработените. За заштита на здравјето училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција. На ден 10.09.2019 има извршена дезинфекција, дератизација и дезинсекција од страна на ПТУ Приматекс ДООЕЛ експорт импорт Скопје.
Од страна на стручната служба се држат предавања на разни теми кои се однесуваат на грижа за здравјето на учениците.
Училиштето има програма за превенција од заразни болести и пропишани процедури за грижа на учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, по завршувањето на средното образование опфаќа широк спектар на добро структурирани пристапи. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали на образовните институции (флаери, трибини, отворени денови, посети од високообразовни институци).

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот. Во училиштето од страна на наставниците и стручната служба не се идентификувани ученици со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците во вакви ситуации или да ги упати до релевантните институции.

### 4.4 Следење на напредокот

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и за неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој. Следењето на напредокот на учениците се еведентира во Дневник на паралелка и од поголем број на наставници во ученичко досие. Родителите се информираат со евидентен лист. Евиденцијата им е достапна на учениците и на родителите на родителски средби и класниот час. За напредок на учениците стручната служба соработува со родителите.

Врз основа на индивидуалната евиденција за учениците, раководителите на паралелка по квартали изготвуваат извештаи за паралелката. Извештаите се доставуваат до стручната служба и по обработката на податоците, истите се достапни до учениците, родителите и останатите наставници. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес. Се води евиденција и на заминати или новодојдени ученици, преку издавање преведници.

# 5. УЧИЛИШНАТА КЛИМА

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо по добрите постигањата на учениците во текот на образованието во училиштето, и по постигање од повеќе области на натпревари на ниво на општината, на ниво на градот Скопје, како и на државно ниво. Постигањата на учениците се препознатливи и во понатамошното образование со запишување и завршување на висок образование. Вработените и учениците со својата работа и однесување придонесуваат за афирмацијата на училиштето.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.

Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

За регулирање на односите во училиштето постои Кодекс. Во овој документ во најголема мера се регулирани правилата за однесување на сите структури (учениците, наставниците, вработените и родителите). Правилата од Кодексите во најголема мера се применуват од страна на структурите. Во документитете се предвидени мерки за санкционирање при отстапување во почитувањето на правилата.

Климата во училиштето е многу добра, се води силна политика за заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуват во животот на училиштето. Кај вработените постои професионален однос, со почит и меѓусебно уважување, што битно влијае на добрата работна атмосфера.

Во училиштето постои добра работна атмосфера за време на наставни и вонаставни активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни и соработуваат со кадарот и меѓусебно, и коректно се однесуваат. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување педагошки мерки. Во случај на помали инцидентни, екцеси помеѓу ученици, за надминување на истите веднаш се вклучуват дежурни наставници, класните раководители или стручната служба, а по потреба се вклучуваат и родителите.

Училиштето има формирано ученичка заедница. Ученичката заедница организира трибини, слободни активности, манифестации и активности поврзани со воспитно-образовниот живот на учениците. Учениците се информираат за работи што се од нивен непосреден интерес, по потреба учествуваат во донесувањето на одлуки.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Промовирање на личните постигања на учениците добро се реализира во училиштето, со ставање посебен акцент на постигањето на учениците. Се користат различни форми на промовирање на постигањата. Се промовираат постигањата во наставните активности, вонннаставните активноси и резултати од учество на натпревари.

Учениците во голема мера имат високи очекувања за самите себе и од другите.

За промовирање на постигањата во училиште се користат договорни постапки, а за избор на ученик на генерација има пропишан правилник. Промовирањето се врши на транспарентен начин, јавно пред учениците, родителите и вработените.

Училиштето има политика на потикнување на наставниците и учениците да учествуват на училишни, локални, регионални и државни натпревари. Наставниците и учениците се стимулираат со покривање на трошоците и промовирање на нивното учество, јавно, пред учениците, вработените, родителите и пошироко пред јавноста.

Училиштето врши континуирано информирање и промовирање на реализираните еколошки активности до вработените, родителите, локалната самоуправа, медиумите, бизнис секторот и пошироката заедница иако нема воспоставен систем за тоа.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Во училиштето добро се промовира еднаквоста и правичноста како темелна вредност, со договорни процедури. Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на учениците. Учениците многу добро ги познават нивните права преку разговори на класен час, преку предметите од општествено подрачје, реализираните работилници и друго.

Во училиштето се води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничките, културните верските разлики. Учениците учат да ја почитуват својата и културата и традициите на другите заедници. Во училиштето се промовира еднаквоста и правичноста како темелна вредност. Нема забележано дискриминација по било која основа кај учениците, наставниците, родителите .

Учениците и родителите немаат забелешки во однос на нееднаков пристап кон нив или за неправичен однос кон нив.

Во училиштето и надвор од училиштето во соработка со други училишта на локално ниво училиштето организира заеднички воннаставни активности наменети за ученици од различна етничка припадност.

Најголем број од наставниците во своите планирања имаат инкорпорирани содржини за реализација на МИО проектот.

## 5.4Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница

Соработката на училиштето со родителите добро се реализира. Соработка се остварува во организирана форма на повеќе нивоа и тоа: поединечно, на ниво на паралелката, на ниво на Совет на родителите во училиштето и преку членовите на Училишен одбор , претставници од родителите.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови, прилагодувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во УО во кои вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува.

Секој родител поединечно и избраните преставници од родители отворено и одговорно соработуват со директорот на училиштето, со стручната служба и наставниците за надминување на секакви проблеми кои се, пред се, кои се од важност на учениците.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти. Училиштето учествува во одбележување на одредени културни и спортски манифестации и други настани. Училиштето соработува со МВР, Центарот за социјална работа, Центарот за социјална грижа за учениците со посебни образовни потреби, Медицинскиот центар Железара, Црвениот крст, Советот за безбедност во сообраќајот и др. Од страна на локалните институции за учениците се организираат предавања со теми поврзани за безбедноста и здравјето на учениците како и градење на здрави и хумани личности.

Училиштето во градот соработува со деловна заедница (повеќе стопански субјекти, здравствени установи, јавни претпријатија и општествени организации). Соработката со деловната заедница е добра, иако нема потпишани акти за соработка.

Деловната заедница најчесто материјално го подржува училиштето, а соработката за реализација на наставата и вонаставни активности има само со дел од деловната заедница.

Соработка со НВО и други организации , исто така е добра, а со некои од нив има потпишани документи за соработка.

Училиштето добро соработува со Центарот за социјални работи, со Бирото за развој на образованието, со други училишта, по основ на размена на искуства, по основ на премин на ученици од едно во друго училиште, по основ на организирање натпревари од областа на природни науки, јазици, спорт, ликовна култура, музичка култура и др.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училиштето работи во објект од тврда градба, приземје и два спрата, со вкупна површина од 18.672 м$^2$ и корисна површина на училишен простор од 4.074м$^2$. За реализирање на наставата училиштето располага со 13 училници кои ги исполнуваат условите за изведување настава според нормативот, 4 кабинети и тоа по наставните предмети: ликовна уметност, музичка уметност, хемија и информатика, библиотека со читална, фискултурна сала и надворешен спортски терен. На приземјето сместена е просторија за фитнес опремена со соодветни справи. Истата се користи при реалзирањето на проектните активности од „Спортски активности“. Во текот на интегралната евалуација истата не е во функција поради изведување на реконстуктивни зафати.

Училишниот двор е целосно ограден. Истиот е со површина од 12.198 м$^{2.}$ од кои 9.789 м$^2$ на хортикултурно уредена површина. Во рамките на училишниот двор се и отворени спортски терени со површина 2.400 м$^{2,}$ и тоа по еден спортски терен за фудбал и кошарка, до кои има непречен пристап директно од училишната зграда.

Училиштето располага и со 8 административни простории и работилници. Училиштето располага со ПТТ врска, интернет мрежа, громобранска мрежа, 4 хидранти, 14 ПП апарати истите се сервисирани и атестирана од овластена фирма со издаден Стручен наод.

Училиштето има јасен план и распоред за максимално користење на расположивите капацитети за изведување на наставата и на вonнаставните активности,со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра. Истата има тенденција на подобрување со целосна реализација на Програмата за развој на училиштето со што истите ќе соодветствуваат на современите наставни средства. Од опрема училиштето располага со 12 фиксни ЛЦД-проектори и два преносни, телевизори, видео рекордери, ДВД уреди, 4 графоскопи, 5 ЦД-касетофони, апарат за фотокопирање, 2 дигитални фотоапарати, печатари, скенери, мултифункционален апарат и 50 ПС компјутери. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкетирање на наставниците, вклучувајќи книги, ЛЦД-проектори, принтери, скенери, микроскопи, спортски реквизити и успева да ги обезбеди потребните средства во доволна мера за функционирање на воспитно – образовниот процес.

Училишната библиотека е многу добро уредена. Ги задоволува потребите, како на учениците така и на наставниците. Училишната библиотека располага со вкупно 14 700 наслови,од кои 4096 наслови се стручна литература, 900 наслови се лектири, а останатите се белетристика 6972, како и прирачници за наставници, атласи, речници и литература за возрасни на српски јазик 450, и преку 2282 списанија. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за ученичките лектирни изданија училиштето соработува со Матица Македонска и Култура. Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа и работи согласно со предвидената динамика во програмата. Библиотечната евиденција се води во инвентарна книга, а задолжувањето на книгите се врши со картон. Библиотеката располага со компјутер и пристап до интернет. Во процедура е изготвување електронска евиденција на библиотечниот фонд и евиденција за зачленетите ученици.. Библиотеката е отворена за учениците секој работен ден. Поради ангажирање на библиотекарот и во реалзирање на воспитно – образовна работа како наставник по македонски јазик и литература,училишната библиотека е отворена за учениците само 2 часа во текот на денот во време кое овозможува задоволување на потребите на учениците од двете смени и истата нема доволен простор за читање.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и воннаставните активности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето.
Планирањата и снабдувањата со потрошни материјали се врши со договорни постапки. Планирања вршат наставниците на ниво на стручни активи, со изготвување на листи на потребни материјали. Листите се доставуваат до раководниот орган, кој понатаму во зависност од можностите определува приоритети кои ги вметнува во планирањата за набавки на училиштето.

## 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес.Наставниот процес во училиштето го реализираат: 40 наставници (8 мажи и 32 жени), од кои 37 со ВСС, 2 со магистерски студии и 1 со докторски студии. На определено работно време се 11 наставници ( двајца од нив се приправници со назначени ментори со изработена програма за работа ), еден психолог и еден дефектолог. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар (2 наставника се Срби , а останатите 38 се Македонци).
Освен наставниците во воспитно-образовниот процес се вклучени стручните соработници: психолог, библиотекар (кои исто така се вкучени и во настава) и дефектолог Работата на наставниот кадар и стручната служба е потпомогната, надополнета и олеснета од страна на раководниот и административниот кадар: директор, помошен директор, секретар, благајник, книговодител и останат технички кадар.
Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност Законот за средно образование и нормативите. Наставниот кадар е квалификуван и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно со потребите на учениците и училиштето во целина.
Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи, за кое сведочат многубројните резултати. Во случај на подолго отсуство на наставник, училиштето поднесува барање до основачот. За пократко отсуство се прави внатрешна замена.
Училиштето има стручната служба (психолог), кој им помага на наставниците во организација на наставата, следењето на напредокот на учениците. Советодавно работи со учениците и родителите и е подготвена и отворена за соработка. Училиштето во рамките на стручната служба има и стручен соработник – дефектолог, кој при спроведување на интегралната евалуација е отсутен поради привремена спреченост за работа (боледување).
Стручната служба има програма за работа која е во состав на Годишната програма на училиштето.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој и Програма за усовршување и професионален развој на наставниците која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на знаењата, вештините и способностите на наставниот кадар. Идентификувањето на развојните потреби на кадарот се врши врз основа на согледувањата од страна на стручната служба и директорот по извршена посета на наставни часови во текот на годината, изјаснувањата на наставниците за потреба од одредена обука и изјаснување на ниво на активи. Согласно со утврдените потреби се врши избор на потребните обуки.
Стручната служба уредно води портфолија за професионален развој на наставниците.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училиштето има донесено Финансиски план, усвоен извештај, усвоена завршна сметка, План за јавни набавки и Правилник за вршење на набавка од мала вредност.Во Комисиите за јавни набавки задолжително има еден член од УО, така што се почитува принципот во комисиите за јавните набавки да учествуваат претставници од сите структури на УО. Финансиското работење се контролира преку Училишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Училиштето се финансира и преку сметката за самофинансирање од издаден простор под закуп.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се корист наменски и за креативни цели што се фокосирани на квалитетот на наставата.

Книговодството на училиштето го води овластен книговодител, кој води книговодството и на други основни училишта.

# 7. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Истиот е избран и конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Училишниот одбор работи транспарентно, согласно Деловникот за работа бр.02-633/2 од 26.12.2006 година и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето, Совет на родители и локалната заедница. Седниците се закажуваат навремено и се води уредна документација. Од разговорот со членовите на училишниот одбор и советот на родителите, се констатира дека тие даваат многу добра поддршка за работата на вработените во училиштето. Но истите немаат посетувано обуки за стручно усовршување за управување со училиштето.

Раководен орган, директор во училиштето од 10.04.2018 година е Јован Петрески дипломиран наставник по македоснски јазик Поседува Уверение за положен испит за директор на средно училиште. Директорот има Годишна програма за работа и Програма за професионален развој. Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, вклучувајќи и способност да комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на приоритетите во Програмата за развој преку Самоевалуацијата, а во центар на своето работење ги става постигањата на учениците. Соработката на директорот со училишните тела и органи е со дирекна комуникација, преку средби, соопштенија, како и писмена комуникација со оние кои треба да бидат информирани.

Во остварување на обврските и раководењето, директорот на училиштето поднесува извештај за успехот и постигнатите резултати во образовната работа, за реализација на годишната програма, како и за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година до надлежните органи.

## 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Тие се јасно дефинирани и надградени во Годишната програма за работа на училиштето, фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето.

Креирањето на образовната политика на училиштето (цели, начела и вредности) претставува мобилна и синтетизирана активност на: органите и телата на училиштето, локалната самоуправа, образовните институции, учениците и невладини организации. Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа. Посебен документ за образовната политика е Програма за развој на училиштето.

Училиштето практикува промовирање на образовните политики преку најразлични форми: веб страната, брошури, огласна табла.

## 7.3 Развојно планирање

Потребите за развој училиштето ги има идентификувано во развојното планирање за севкупното работење на училиштето. Целите се прецизни, јасни и во голема мера ја отсликуват мисијата и визијата на училиштето, а за нивно реализирање вклучени се

наставниците, родителите и учениците. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати.

Училиштето континуирано ги индетификува потребите за стручно усовршување на кадарот, истото е според динамиката на Бирото за развој на образованието. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на посетените едукативни семинари и обуки за унапредување на воспитно – образовниот процес.

Училиштето навремено ги индетификува потребите од материјално – технички средства и континуирано ги планирана и обезбедува. Постојните надгледни средства и опрема во поголем број се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување и обновување.

Инфраструктурата во училиштето е добра. Училиштето има план и според материјалните и финасиските можности соодветно обезбедува средства за одржување на инфраструктурата.

# 8. НАОД И ПРЕПОРАКИ

## 8.1Јаки страни

- Изграден имиџ на училиштето;
- Организирање на бројни воннаставни активности;
- Големо учество на натпревари и освоени награди;
- Добро учество во проекти од интерес на учениците;
- Директорот има подршка во креирањето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето и локалната заедница
- Безбедноста и хигиената во училиштето е на високо ниво.
- Широк опфат на сите ученици во воннставните програми.

## 8.2. Слаби страни

- Училишната библиотека на дневна основа е кратко отворена што не е доволно да ги задоволи потребите на сите ученици.
- Во последните три години училиштето нема направено симулација за спасување во случај на елементарни непогоди
- Училиштето не обезбедува обука за членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување

## 8.3. Препораки

- Училишната библиотека да биде постојано отворена и достапна за учениците со опремен простор за читална;
- Да се организира и спроведе симулација за спасување во случај на елементарни непогоди .
- Училиштето да обезбеди обука за членовите на училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на упарвување

| | |
|---|---|
| Гоце Јанкуловски, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Томе Стојанов, член на инспекцискиот тим | |
| Љубиша Николиќ,член на инспекцискиот тим | |